**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 03-809/1
11.02. **2016 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1, алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката Уп1 бр.08-33 од 10.02.2016 година, за одземање на дозволата, за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, бр. 08-47 од 05.01.2015 година, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон, и со одземање на дозволата од страна на Агенцијата.

Советот на Агенцијата на 06-та седница одржана на 10.02.2016 година, согласно Заклучокот на Агенцијата, бр.02-739/2 од 10.02. 2016 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-33 од 10.02.2016 година, со која ја одзеде дозволата на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, бр. 08-47 од 05.01.2015 година, пред истекот на рокот за којшто е издадена дозволата, поради тоа што што имателот на дозволата не ги исполнил обврските предвидени во член 13 став 3, а во врска со став 6 од истиот член од Законот за медиуми и не ги доставил потребните податоци до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, врз основа на што ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш се брише од регистарот на радиодифузери.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката Уп1 бр.08-33 од 10.02.2016 година, за одземање на дозволата, за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**Д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Секторот за информатичка подршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш;
- Агенција за електронски комуникации.